РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 3.11.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org. | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera: |
| 08 | 8/582 | – | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 18-12061/1
28-10-2020 20 год. viti

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19), и член 22 став (1) од Законот за средното образование („Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), министерката за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за дополнување на дел од наставната програма по англиски јазик во средното образование од I-IV година (гимназиско, средно стручно и средно уметничко) во делот на нормативот за наставен кадар**

1. Со ова Решение се дополнува дел од наставната програма по англиски јазик во средното образование од I-IV година (гимназиско, средно стручно и средно уметничко) во делот на нормативот за наставен кадар, и тоа:

„ Доколку на јавниот оглас не се јави лице со завршени студии во претходно наведените алинеи, наставата може да ја изведува и лице со:

-завршени двопредметни студии по англиски јазик и друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;

- завршени студии по англиски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;

-завршени студии по англиски јазик на друга студиска програма, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС”.

2.Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е:

Согласно член 22 став (1) од Законот за средното образование („Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), плановите и програмите за јавните училишта ги предлага Биро за развој на образованието, а ги донесува министерот.

Заради зголемената потреба од наставен кадар по наставниот предмет по англиски јазик, Бирото за развој на образованието со допис бр.08-972/4 од 21.10.2020

година, доставен до Министерството за образование и наука, предложи дополнување на наставната програма по ангиски јазик во средното образование во делот на нормативот за наставен кадар.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**МИНИСТЕРКА**
**Мила Царовска**

**Доставено до:**

- **Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење**
- **Биро за развој на образованието**
- **архива**

подготвил: Рајне В.Лазаревска
контролирал:Милка Масникоса
одобрил:Дана Бишкоска
согласен:Маја Бичиклиска